Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 394, 17 август 2026 година

август 2026 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРОИЗВОДНО ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНОЛОГИИ И СИСТЕМИ НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **3**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПСИХИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **12**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО (5.02.00.08) НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **19**

**ИСПРАВКА**
**НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА** ........ **22**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „СПЕЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА БОЖИНОВСКА-БЕАКА, ПРОФ. Д-Р КИРИЛ ЛОЗАНЧЕ, ПРОФ. Д-Р АНДРЕЈА АРСОВСКИ, ПРОФ. Д-Р ЈОВАН ИВЧЕВ, ПРОФ. Д-Р КОНСТАНТИН МИТЕВ, ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР ЧАДИКОВСКИ, ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР НИКОЛИЌ, ПРОФ. Д-Р БОРО ЦОНОВ, ПРОФ. Д-Р ВЛАТКО ЦВЕТАНОВСКИ, ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР МИТЕВСКИ, ПРОФ. Д-Р ИЛИЈА МИЛЕВ, ПРОФ. Д-Р РИСТО СИМЕОНОВ И ПРОФ. Д-Р СТЕФАН ПЕТРОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **23**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **29**

Издавач: Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Сашо Коцески, д-р Билјана Цоневска Гуњовска
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРОИЗВОДНО ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНОЛОГИИ И СИСТЕМИ НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2202-71/10 од 15.6.2026 година донесена на 191. седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 15.6.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област *производно инженерство, технологии и системи (2.03.00.01)* на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– д-р Стојанче Нусев, редовен професор за наставно-научната област *производно инженерство, технологии и системи (2.03.00.01)*; *машински материјали, технологии на заварување и заварени конструкции (2.03.00.12)* и *графички материјали (2.11.04.04)*, Технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола - **претседател**;

– д-р Сара Сребренкоска, доцент за наставно-научната област *производно инженерство, технологии и системи (2.03.00.01)*, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **член;**

– д-р Сашко Димитров, редовен професор за наставно-научната област *механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика (2.03.00.08)* и *автоматика (2.03.00.09)*, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 29.5.2026 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката:

1. **М-р Виолета Крчева**, лаборант за наставно-научната област *производно инженерство, технологии и системи* на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија ги разгледа документите и констатира дека приложената документација од кандидатката навремено е доставена со сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Машински факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатката м-р Виолета Крчева е родена на 21.7.1993 година во Кочани, Република Северна Македонија. Основно и средно образование завршува во Кочани, со одличен успех.

Во учебната 2012/2013 година се запишува на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев» во Штип. Во јули 2016 година дипломира на студиска програма Производно машинство, со просечен успех 8.92. Дипломскиот труд го изработува на тема „Проектирање на технолошки процес за изработка на главина со програмирање на процесот стругање“ и се стекнува со стручен назив дипломиран машински инженер.

По завршување на додипломските студии, во ноември 2016 година се вработува во фабриката за спојки „Ruen-Inox Automobile“ во Кочани. Таму работи како машински инженер во секторите за конструкција на производи,

технологија на обработка на производи, системи на квалитет и програмирање на CNC металорезачки машини, каде што е вклучена во активностите поврзани со конструкција на производи, технологија на обработка, системи за квалитет и програмирање на CNC металорезачки машини.

Во текот на работниот ангажман стекнува практично искуство во областа на производното инженерство, технолошката подготовка, технологијата на обработка, CNC програмирањето и примената на системи за контрола на квалитет. Своето стручно знаење го надградува преку учество на работилници, стручни обуки и посета на меѓународен саем од областа на машинството.

Во мај 2021 година кариерата ја продолжува на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на работно место лаборант од областа *производно инженерство, технологии и системи*. Во рамки на работниот ангажман е активно вклучена во работата на Лабораторијата за механички и термички испитувања, како и во реализацијата на наставно-практични активности и лабораториски вежби од областа на производното инженерство и машинството.

Истата година се запишува на постдипломски студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев» во Штип. Во јуни 2023 година магистрира на студиска програма Мехатроника, со просечен успех 10.00. Магистерскиот труд го изработува на тема „Симулација на интерполирано движење на работните елементи на CNC струг“ и се стекнува со стручен назив магистер по технички науки од областа на машинството – мехатроника.

Во октомври 2023 година се запишува на докторски студии на Технички факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на студиска програма Машинство. Во текот на докторските студии остварува активна научноистражувачка дејност преку објавување научни трудови во меѓународни списанија и зборници од конференции, учество во научноистражувачки проект и континуирано усовршување во областа на производното инженерство, CNC технологиите и мехатроничките системи.

Покрај професионалниот ангажман, кандидатката континуирано работи на своето стручно и научно усовршување, што се потврдува преку нејзината научноистражувачка активност, учество во проекти и објавени научни публикации.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип:**

1. **Има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити** - прв циклус студии на Машински факултет на студиска програма Производно машинство (240 кредити) при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и втор циклус студии на Машински факултет на студиска програма Мехатроника (60 кредити) при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
2. **Има стекнато назив магистер од соодветната област** - магистер по технички науки од областа на машинството – мехатроника;

3. **Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и вториот циклус на академски студии посебно** - остварен просечен успех од 8.92 на прв циклус студии и просечен успех од 10.00 на втор циклус студии;
4. **Има познавање на најмалку еден странски јазик** - кандидатката доставила сертификат за познавање на англиски јазик;
5. **Има објавено минимум еден научен труд** - има објавено 10 научни публикации;
6. **Покажува способност за наставно-научна, односно наставно-уметничка дејност** - демонстрира способност за изведување наставно-научна дејност и активно учествува во реализација на наставно-практични активности од соодветната област;
7. **Две препораки од професори** - кандидатката има приложено две препораки од професори.

**1. Наставно-образовна дејност**

Кандидатката м-р Виолета Крчева од 2021 година е вработена како лаборант на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во рамки на работниот ангажман активно учествува во реализацијата на лабораториската и практичната настава од областа на *производното инженерство, технологии и системи*.

Кандидатката е ангажирана во работата на Лабораторијата за механички и термички испитувања, каде што учествува во подготовката и реализацијата на лабораториски испитувања, подготовката на лабораториската опрема и поддршката на наставниот процес.

Преку своето континуирано учество во реализацијата на лабораториски и практични вежби, кандидатката стекнала значајно искуство во работа со студенти и во примена на современи методи и техники од областа на машинството.

**2. Научноистражувачка дејност**

Научноистражувачката дејност на кандидатката м-р Виолета Крчева е насочена кон наставно-научната област *производно инженерство, технологии и системи*. Во текот на своето стручно и академско усовршување кандидатката покажува континуиран интерес за научноистражувачка работа преку изработка на магистерски труд, објавување научни трудови и активно учество во научноистражувачки активности.

Научноистражувачките резултати на кандидатката претставуваат значајна основа за нејзиниот понатамошен научен и академски развој во областа во која се избира.

Во продолжение е дадена евалуација на научноистражувачката дејност на кандидатката.

**2.1. Магистерски труд**

Во научноистражувачкиот опус на кандидатката влегува и магистерскиот труд со наслов „Симулација на интерполирано движење на работните елементи на CNC струг“, одбран во 2023 година на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во рамките на студиската програма Мехатроника.

Во магистерскиот труд кандидатката обработува проблематика од областа на CNC технологиите, компјутерското програмирање и симулацијата на движење на работните елементи кај CNC машините. Истражувањето е насочено кон моделирање и симулација на интерполирани движења со примена на современи програмски и инженерски алатки, при што се анализираат можностите за подобрување на точноста и ефикасноста на обработката.

Резултатите од истражувањето претставуваат значаен придонес во областа на *производно инженерство, технологии и системи* и претставуваат солидна основа за понатамошната научноистражувачка работа на кандидатката.

### 2.2. Научни трудови во списанија

| Ред. бр. | Автори | Наслов на трудот | Податоци за списание | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Krcheva, V.**, & Chekerovska, M. | *Dependence on the required power of the electric motor on the CNC Spinner EL-510 lathe according to the depth of cut for turning and facing with CNMG 120408-PM 4325 tool insert* | XIX International Scientific Congress – Machines, Technologies, Materials, Vol. 3, No. 23, pp. 194–196. Varna, Bulgaria, September 7–10. ISSN 2535-0021 | 2022 |
| **2.** | **Krcheva, V.**, Chekerovska, M., & Srebrenkoska, S. | *Simulation of toolpaths and program verification of a CNC lathe machine tool* | XX Jubilee International Scientific Congress – Machines, Technologies, Materials, Vol. 2, No. 26, pp. 139–142. Borovets, Bulgaria, March 8–11. ISSN 2535-0021 | 2023 |
| **3.** | **Krcheva, V.**, Cekerovska, M., Djidrov, M., & Dimitrov, S. | *Impact of cutting conditions on the load on servo motors at a CNC lathe in the process of turning a clutch hub* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), Vol. 6, No. 2, pp. 51–62. https://doi.org/10.46763/BJAMI | 2023 |
| **4.** | **Krcheva, V.**, Djidrov, M., Srebrenkoska, S., & Krstev, D. | *Gantt chart as a project management tool that represents a clutch hub manufacturing process* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), Vol. 6, No. 2, pp. 67–78. https://doi.org/10.46763/BJAMI | 2023 |
| **5.** | **Krcheva, V.** | *Modelling a mass-spring system using a second-order homogeneous linear ordinary differential equation with constant coefficients* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), Vol. 7 No. 1, pp. 7–18. https://doi.org/10.46763/BJAMI | 2024 |
| **6.** | **Krcheva, V.**, Nusev, S., & Tomić, M. | *Vibration effects on optical rotary encoders: Development of a model for quantitative error analysis and accuracy validation* | International Journal of Advanced Natural Sciences and Engineering Researches (IJANSER). Vol. 9, No. 9, pp. 174-185. ISSN:2980-0811. | 2025 |
| **7.** | **Krcheva, V.**, & Tomić, M. | *Advanced toolpath verification in CNC drilling: Applying Newton's interpolation through MATLAB* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), Vol. 8 No. 2, pp. 31–42. https://doi.org/10.46763/BJAMI | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Krcheva, V.**, & Tomić, M. | *CNC lathe programming: Design and development of program code for simulating linear interpolation motion* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), Vol. 8 No. 2, pp. 127–137. https://doi.org/10.46763/BJAMI | 2025 |
| Трудови со импакт фактор: | | | | |
| **9.** | **Krcheva, V.**, Nusev, S., & Tomić, M. | *Design and Development of a Model for Accuracy Assessment and Measurement Error Quantification of Optical Rotary Encoders Under Vibration (2025)* | FME Transactions (IF), Vol(53), No(4), pp. 545–557. https://doi: 10.5937/fme2504545K | 1.2 |
| **10.** | **Krcheva, V.**, Nusev, S., & Tomić, M. | *Development of a Simulation-Based Model for Accuracy Analysis of Optical Rotary Encoders Under Mechanical Vibrations (2026)* | FME Transactions (IF), Vol(54), No(2), pp. 214–225. doi: 10.5937/fme2602214K | 1.2 |

**1.** **Krcheva, V.**, & Chekerovska, M. (2022). Dependence on the required power of the electric motor on the CNC Spinner EL-510 lathe according to the depth of cut for turning and facing with CNMG 120408-PM 4325 tool insert, *XIX International Scientific Congress – Machines, Technologies, Materials*, Vol. 3, No. 23, pp. 194–196. Varna, Bulgaria, September 7–10. ISSN 2535-0021. https://eprints.ugd.edu.mk/31066/

Во трудот е анализирано влијанието на длабочината на рез врз потребната моќност на електромоторот при CNC стругање и челно стругање на струг Spinner EL-510. Резултатите придонесуваат за избор на оптимални режими на обработка и поефикасно користење на машинскиот систем.

2. **Krcheva, V.**, Chekerovska, M., & Srebrenkoska, S. (2023). Simulation of toolpaths and program verification of a CNC lathe machine tool, *XX Jubilee International Scientific Congress – Machines, Technologies, Materials*, Vol. 2, No. 26, pp. 139–142. Borovets, Bulgaria, March 8–11. ISSN 2535-0021. https://eprints.ugd.edu.mk/32352/

Трудот ја обработува симулацијата на патеките на алатот и верификацијата на CNC програмите за струг, со цел проверка на нивната точност и безбедност пред реалната машинска обработка. Примената на симулацијата овозможува откривање на потенцијални грешки и судири, придонесувајќи за зголемување на квалитетот, сигурноста и ефикасноста на производниот процес.

**3.** **Krcheva, V.**, Cekerovska, M., Djidrov, M., & Dimitrov, S. (2023). Impact of cutting conditions on the load on servo motors at a CNC lathe in the process of turning a clutch hub. *Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI)*, Vol. 6, No. 2, pp. 51–62. https://doi.org/10.46763/BJAMI. https://eprints.ugd.edu.mk/33579/

Целта на истражувањето е да се испита влијанието на режимите на режење на оптоварувањето на сервомоторите кај триосна CNC машина Hitachi Seiki Seicos. Анализата ги опфаќа брзината на режење, поместот и длабочината на режење, како параметри со значајна улога во процесот на стругање. Притоа, секој режим на обработка предизвикува промена во

оптоварувањето на погонскиот систем, а истовремено влијае на силите на режење кои се одразуваат на работното оптоварување на сервомоторите за време на обработката.

4. **Krcheva, V.**, Djidrov, M., Srebrenkoska, S., & Krstev, D. (2023). Gantt chart as a project management tool that represents a clutch hub manufacturing process. *Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI)*, Vol. 6, No. 2, pp. 67–78. https://doi.org/10.46763/BJAMI. https://eprints.ugd.edu.mk/33074/

Трудот ја прикажува примената на Гантовиот дијаграм како алатка за управување со проекти при планирање и следење на процесот на производство на главина на спојка. Анализата опфаќа дефинирање на активностите, нивното времетраење, меѓусебната поврзаност, распределбата на ресурсите и управувањето со ризиците, со цел поефикасна организација и реализација на производниот процес.

5. **Krcheva, V.** (2024). Modelling a mass-spring system using a second-order homogeneous linear ordinary differential equation with constant coefficients. *Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI)*, Vol. 7 No. 1, pp. 7–18. https://doi.org/10.46763/BJAMI. https://eprints.ugd.edu.mk/36748/

Во трудот е разработен математички модел на систем маса–пружина со користење на диференцијална равенка од втор ред. Анализата ги опфаќа различните режими на пригушување и нивното влијание врз динамичкото однесување на системот, прикажани преку нумерички симулации во MATLAB.

6. **Krcheva, V.**, Nusev, S., & Tomić, M. (2025). Vibration effects on optical rotary encoders: Development of a model for quantitative error analysis and accuracy validation. *International Journal of Advanced Natural Sciences and Engineering Researches (IJANSER)*. Vol. 9, No. 9, pp. 174-185. ISSN:2980-0811. https://eprints.ugd.edu.mk/38402/

Трудот разработува аналитички модел за квантитативна анализа на грешките и валидација на точноста на оптичките ротациони енкодери под влијание на вибрации. Анализирано е влијанието на вибрационите услови врз точноста на мерењето, при што моделот овозможува идентификација на факторите што предизвикуваат грешки и придонесува за оптимизација на перформансите и сигурноста на мерните системи.

7. **Krcheva, V.**, & Tomić, M. (2025). Advanced toolpath verification in CNC drilling: Applying Newton's interpolation through MATLAB. *Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI)*, Vol. 8 No. 2, pp. 31–42. https://doi.org/10.46763/BJAMI https://eprints.ugd.edu.mk/38364/

Трудот претставува напредна методологија за верификација на патеката на алатот при CNC дупчење со примена на Њутнова интерполација и MATLAB. Развиениот модел овозможува прецизна анализа и визуализација на движењето на алатот, со што се подобрува точноста на обработката, се намалува абењето на алатот и се зголемува ефикасноста на производниот процес.

8. **Krcheva, V.**, & Tomić, M. (2025). CNC lathe programming: Design and development of program code for simulating linear interpolation motion. *Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI)*, Vol. 8 No. 2, pp. 127–137. https://doi.org/10.46763/BJAMI https://eprints.ugd.edu.mk/38391/

Во трудот е разработен програмски код за симулација на линеарно интерполационо движење при CNC програмирање на стругови. Со интеграција на G-код и симулациски алатки овозможено е прецизно моделирање и

анализа на патеката на алатот, со цел подобрување на точноста, ефикасноста и сигурноста на процесот на машинска обработка.

**9. Krcheva, V.**, Nusev, S., & Tomić, M. (2025). Design and Development of a Model for Accuracy Assessment and Measurement Error Quantification of Optical Rotary Encoders Under Vibration. *FME Transactions* (IF), Vol(53), No(4), pp. 545–557. https://doi: 10.5937/fme2504545K https://eprints.ugd.edu.mk/38399/

Трудот претставува развој и имплементација на модел за проценка на точноста и квантитативна анализа на мерните грешки кај оптичките ротациони енкодери под влијание на механички вибрации. Со примена на MATLAB е анализирано влијанието на вибрациите врз точноста и стабилноста на енкодерите, при што моделот овозможува поефикасна евалуација и подобрување на нивните перформанси во динамички работни услови.

**10. Krcheva, V.**, Nusev, S., & Tomić, M. (2026). Development of a Simulation-Based Model for Accuracy Analysis of Optical Rotary Encoders Under Mechanical Vibrations. *FME Transactions* (IF), Vol(54), No(2), pp. 214–225. doi: 10.5937/fme2602214K https://eprints.ugd.edu.mk/38454/

Во трудот е разработен симулациски модел за анализа на точноста на оптичките ротациони енкодери изложени на механички вибрации. Моделот овозможува проценка на влијанието на вибрациите врз мерните грешки и придонесува за подобрување на точноста и сигурноста на мерните системи.

**2.3. Учество на научен собир со реферат (постер/усно), во земјава и во странство**

Кандидатката активно учествува на меѓународни научни конференции во земјава и во странство, каде што научноистражувачките резултати ги презентира преку усни излагања. Презентираните трудови се рецензирани и објавени во зборници на трудови од научните конференции, што претставува дополнителна потврда за квалитетот и релевантноста на нејзината научноистражувачка работа:

**1. Krcheva, V.,** Nusev, S., & Janevska, (2024) *G. Simulation of linear interpolation motion in CNC machining*, 59th International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies (ICEST), Vol. 1, No. 1, pp. 1–4. Sozopol, Bulgaria, July 1–3. (усно) https://eprints.ugd.edu.mk/38387/

**2. Krcheva, V.** (2024) *CNC program development: Principles and practices for programming a clutch hub turning process*, 4th International Conference on Scientific and Academic Research (ICSAR), pp. 586–594. Konya, Turkey, July 19–20. ISBN 978-625-6314-24-5. 2024 (усно) https://eprints.ugd.edu.mk/38389/

**3. Krcheva, V.,** Nusev, S., & Janevska, G. (2025) *Toolpath validation in CNC milling: A mathematical model for linear interpolation,* 60th International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies (ICEST), Vol. 1, pp. 1–4. Ohrid, North Macedonia, June 26–28. (усно) https://eprints.ugd.edu.mk/38388/

**4. Krcheva, V.,** & Tomić, M. *CNC turning dynamics: Modelling with Newton's linear interpolation and MATLAB*, 40th International Conference on Production Engineering (ICPES), Vol. 1, No. 1, pp. 36–41. Niš, Serbia, September 18–19. (усно) https://eprints.ugd.edu.mk/38390/

**2.4. Дел од научна книга**

Како резултат на својата научноистражувачка активност, кандидатката е автор на едно поглавје во научна книга од областа на инженерството „*Rationale for model development in accuracy assessment of optical rotary encoders under vibration: A literature perspective*“. Поглавјето обработува актуелна проблематика поврзана со точноста и сигурноста на оптичките ротациони енкодери во услови на вибрации и претставува значаен придонес во систематизацијата на современите научни сознанија од оваа област.

1. **Krcheva, V.**, Nusev, S., & Tomić, M. (2025). Rationale for model development in accuracy assessment of optical rotary encoders under vibration: A literature perspective. *New Concepts and Advanced Studies in Engineering*, pp. 294–314. ISBN 978-625-5794-60-4. https://eprints.ugd.edu.mk/38404/

Поглавјето претставува преглед на литературата за влијанието на механичките вибрации врз точноста на оптичките ротациони енкодери. Анализирани се клучните фактори што влијаат врз мерните грешки и се утврдени насоки за развој на модели за анализа и подобрување на точноста и сигурноста на енкодерите.

**2.5. Учество во научноистражувачки и стручни проекти**

Покрај објавените научни трудови, кандидатката е вклучена како млад истражувач во реализацијата на стручно-апликативен проект насочен кон развој и примена на концептите на циркуларната и зелената економија. Преку учеството во проектните активности кандидатката стекнува дополнително искуство во реализација на проектни активности, соработка со стопанството и примена на научните сознанија во решавањето на практични инженерски предизвици.

1. Мираковски, Д., Лазаров, Д., Сребренкоска, С., Зенделска, А., **Крчева, В.** (2024). *Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука-бизнис* [млад истражувач] https://eprints.ugd.edu.mk/34318/

Проектот е насочен кон воспоставување долгорочна соработка помеѓу науката и бизнисот преку развој и примена на концепти на циркуларна и зелена економија. Активностите опфаќаат развој на иновативни производи, трансфер на знаење, обуки за компании и имплементација на одржливи решенија во индустриската практика, со цел поттикнување на зелената транзиција и циркуларната економија.

Учеството во наведениот проект претставува значаен придонес во професионалниот и научноистражувачкиот развој на кандидатката и ја потврдува нејзината активна вклученост во проекти што ги поврзуваат научните истражувања со нивната практична примена во индустријата, во областа на производното инженерство, современите инженерски технологии и одржливиот развој.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според горенаведеното и согласно со прегледаната документација доставена од кандидатката м-р Виолета Крчева, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги исполнува условите утврдени со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Од приложената документација, како и од досегашниот професионален ангажман, учеството во наставно-практични активности и научноистражувачката работа на кандидатката, може да се заклучи дека таа поседува соодветни стручни, научни и професионални компетенции за избор во соработничко звање асистент. Нејзината досегашна професионална работа, научноистражувачка активност и остварени резултати се во целост поврзани со наставно-научната област производно инженерство, технологии и системи.

Имајќи го предвид наведеното, членовите на Рецензентската комисија имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере кандидатката **м-р Виолета Крчева** во соработничко звање **асистент** за наставно-научната област **производно инженерство, технологии и системи (2.03.00.01)**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Стојанче Нусев, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Сара Сребренкоска, доцент, член, с.р.
Д-р Сашко Димитров, редовен професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПСИХИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-192/13 од 17.6.2026 година донесена на 359. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 17.6.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на **асистент** за **наставно-научната област** ***психијатрија (3.02.00.38)*** **- еден извршител на Факултет за медицински науки** при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- проф. д-р Роза Крстеска, насловен вонреден професор за наставно-научната област психијатрија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип – претседател;
- доц. д-р Наташа Станчева-Паргов, насловен доцент за наставно-научната област психијатрија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип – член;
- проф. д-р Стојан Бајрактаров, вонреден професор за наставно-научната област психијатрија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха” на 23, 24 и 25.5.2026 година. Во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- **д-р Камелија Симеонова, специјалист по детска и адолесцентна психијатрија.**
-

Доставената пријава ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката д-р Камелија Симеонова, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите потребни документи односно:

- Диплома за завршен Медицински факултет (прв и втор циклус студии);
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии;
- Уверение за положен специјалистички испит по Детска и адолесцентна психијатрија;
- Потврда за познавање на странски јазик (англиски јазик);
- Препорака од двајца вонредни професори;
- Уверение за државјанство не постаро од 6 месеци;
- Кратка биографија;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- По еден печатен примерок од трудовите.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Камелија Симеонова е родена на 15.6.1992 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје со одличен успех. Своето понатамошно образование го продолжува на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, каде што се запишала во учебната 2010 година и дипломирала на 7.6.2016 година со просечен успех 8,53. Положувајќи го државниот стручен испит на ден 23.12.2016 година станува доктор по општа медицина во ПЗЗ.

Во текот на студирањето редовно учествувала на бројни домашни и студентски конгреси по медицина во странство, со свои оригинални трудови како автор и коавтор. По дипломирањето и положениот стручен испит, кандидатката има работено во повеќе здравствени институции: Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; ЈЗУ УК за Детска хирургија како и ЈЗУ УК за Хируршки болести „Св. Наум Охридски“ во Скопје.

Во 2018 година се запишува на специјализација по областа детска и адолесцентна психијатрија при Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На 1.9.2023 година го полагала специјалистичкиот испит и се стекнува со звање специјалист по детска и адолесцентна психијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје.

По завршување на специјализацијата распределена е да работи на Одделот за детска и адолесцентна психијатрија „Проф. д-р Стојан Алексиевски“ при ЈЗУ УК за Психијатрија.

Моментално е вработена во ПЗУ КБ „Аџибадем Систина“ како раководител на Одделот за детска и адолесцентна психијатрија и е студент-докторанд на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – насока Клиничка медицина. Д-р Симеонова е член на Лекарска комора на РСМ, Лекарско друштво на РСМ, Здружение на психијатрите на Македонија. Основачка и сопственичка е на „Ориками“ – Центар за психолошко советување.

Паралелно го надградува своето образование во областа на психотерапијата, започнувајќи на Институтот „Алтернатива“ – акредитиран од EFTA/EAP, каде што се стекнува со сертификат за семеен и системски советник. Професионалниот развој го продолжува преку обуки за Cognitive Behavioral Therapy (CBT), Dialectical Behavior Therapy (DBT) и Self-Injury Training на Институтот „Бек“ во Пенсилванија, САД.

Подоцна се посветува на партнерската дијада, следејќи часови по Емоционално фокусирана терапија, крунисувајќи го своето стручно усовршување со Лондонската диплома по Psychosexual and Relationship Therapy и Postgraduate Certificate in Psychosexual and Relationship Therapy (март 2025).

Во тешките мигови за време на пандемијата на ковид-19 активно се вклучува во СОС-линијата за поддршка на менталното здравје на граѓаните. Во 2023 година се приклучува на FLOURISH-Програма за адолесцентно и целоживотно здравје со фокус на семејството при Институтот „Алтернатива“.

Во 2024 година учествува во програмата „Учам за моето здравје“, проект за промоција на менталното здравје во организација на Светската здравствена организација (СЗО). Истата година активно придонесува во изработка на Прирачник за стандарди и квалитет на менталното здравје на деца и адолесценти при Европската школа на СЗО-Атина.

Во 2025 година учествува на 4. Светски самит за педијатрија и ментално здравје кај деца во Дубаи (ОАЕ), каде што ја истакнува суштината на живеењето во функционалното семејство.

Нејзината професионална мисија, низ бројни јавни настапи и ангажмани, има една единствена цел - да им помогне на семејствата да останат поврзани, стабилни и свесни во процесот на растење и промена.

**Научна дејност**

Во 2023 година кандидатката се запишала на трет циклус-докторски студии клиничка медицина на Школата за докторски студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што во моментов е во завршна фаза од студирањето и пишување на својот докторски труд.

Во декември 2025 година ја промовира својата прва научна монографија „Оригами“ - Умешност на справување со предизвиците на тинејџерството.

Д-р Камелија Симеонова е автор и коавтор на научни трудови и апстракти, презентирани и објавени во домашни и странски списанија. Во последните пет години има публикувано 3 научни труда со оригинални научни резултати, објавени во домашни и странски списанија.

**ЗАКОНСКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ**

**Општи услови за избор**

1. Д-р Камелија Симеонова е докторанд, специјалист по детска и адолесцентна психијатрија, а нејзината научноистражувачка работа е главно фокусирана на сите детски и адолесцентски психијатриски заболувања.
2. Просечен успех од 8,53 и завршена специјализација по детска и адолесцентна психијатрија.
3. Научен степен-студент докторанд во крајна фаза.
4. Има доставено 3 објавени научни трудови.
5. Има доставено 1 стручно дело (монографија) во соодветната област, детска и адолесцентна психијатрија.
6. Има сертификат за владеење со англиски јазик.
7. Има препорака од двајца професори.
8. Има способност за изведување на високообразовна дејност.
9. Има потврда за државјанство на Република С. Македонија

Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Камелија Симеонова публикувани во последните пет години.

Научните трудови со кои д-р спец. Камелија Симеонова ги исполнува законските критериуми за избор во звањето ассистент:

| Ред. бр. | **Автори** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Simeonov R, Aleksovski Z, Angjelov M, Jovcheski L, **Simeonova K,** Jordanovska N, Petkovska S. | A newborn with double atresia: esophageal with distal tracheoesophageal fistula followed by concomitant anal atresia: a case report. | Academic Medical Journal June 2026 Vol. 6(2) | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 2026 |
| 2. | Aleksovski Z, Angjelov M, Simeonov R, Jovcheski L, **Simeonova K,** Jordanovska N, Petkovska S. | Subcutaneous endoscopically-assisted ligation as a surgical choice for right-sided inguinal hernia in a 2.5-year-old female child: a case report. | Academic Medical Journal June 2026 Vol. 6(2) | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 2026 |
| 3. | Jovcheski L, Simeonov R, Aleksovski Z, Angjelov M, **Simeonova K,** Jordanovska N, Petkovska S. | Epithelial hepatoblastoma in a male infant with Beckwith-Wiedemann syndrome: a challenging case report. | Academic Medical Journal June 2026 Vol. 6(2) | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 2026 |

**Посебни услови за избор во звање**

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Камелија Симеонова е една од трите специјалисти по детска и адолесцентна психијатрија на подрачјето на цела Република С. Македонија. Важи за исклучителен професионалец и посветен специјалист, пред се лекар, во полето детска и адолесцентна психијатрија.

Паралелно го надградува своето образование во областа на психотерапијата, започнувајќи на Институтот „Алтернатива“ – акредитиран од EFTA/EAP, каде што се стекнува со сертификат за семеен и системски советник. Професионалниот развој го продолжува преку обуки за Cognitive Behavioral Therapy (CBT), Dialectical Behavior Therapy (DBT) и Self-Injury Training на Институтот „Бек“ во Пенсилванија, САД. Во 2023 година се приклучува на FLOURISH-Програма за адолесцентно и целоживотно здравје со фокус на семејството при Институтот „Алтернатива“.

Во 2024 година активно учествувала во програмата „Учам за моето здравје“, Проект за промоција на менталното здравје во организација на Светската здравствена организација (СЗО). Истата година активно придонесува во изработка на Прирачник за стандарди и квалитет на менталното здравје на деца и адолесценти при Европската школа на СЗО-Атина.

Како автор/коавтор на стручно-научни трудови има свои презентации на конгреси и симпозиуми од меѓународен и републички карактер. Таа е активен поканет пленарен предавач и на редовните студентски конгреси и симпозиуми. Автор или коавтор е на 28 научни апстракти, 3 научни труда и автор на една научна монографија. Во декември 2025 година, ја промовира својата прва научна монографија „Оригами“ - Умешност на справување со предизвиците на тинејџерството.

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за избор во звање асистент (публикувани во последниве 5 години).**

***Трудови со оргиниални научни резултати објавени во меѓународни списанија:***

1. Simeonov R, Aleksovski Z, Angjelov M, Jovcheski L, **Simeonova K**, Jordanovska N, Petkovska S. A newborn with double atresia: esophageal with distal tracheoesophageal fistula followed by concomitant anal atresia: a case report. Acad Med J. 2026 Jun 18;6(2):162-9. doi:10.53582/k2t0hb12.

Конгениталните аномалии во неонаталната возраст претставуваат сериозен предизвик за искусните неонатални хирурзи. Во трудот се опишува модерен третман и современ начин на постоперативна нега кај новородено со двојна атрезија, како и консекутивна анална атрезија. Начинот, третманот, како и постоперативната евалуација се детално опишани во трудот. Во трудот дополнително се анализирани психосоцијалните и емоционалните влијанија.

2. Aleksovski Z, Angjelov M, Simeonov R, Jovcheski L, **Simeonova K**, Jordanovska N, Petkovska S. Subcutaneous endoscopically-assisted ligation as a surgical choice for right-sided inguinal hernia in a 2.5-year-old female child: a case report. Acad Med J. 2026 Jun 18;6(2):170-4. doi:10.53582/1a5h7551.

Современите хируршки техники го следат модерниот тренд на нови, помалку инвазивни и прифатени техники за хируршко решавање на ингвиналните хернии кај деца. Во трудот е опишана современа и модерна техника за субкутано-ендоскопски асистирана техника за хируршки третман на ингвинална хернија кај 2,5 годишно девојче. Анализирани и прикажани се методот, техниката, како и постоперативната евалуација и клиничко следење кај пациентката.

3. Jovcheski L, Simeonov R, Aleksovski Z, Angjelov M, **Simeonova K**, Jordanovska N, Petkovska S. Epithelial hepatoblastoma in a male infant with Beckwith-Wiedemann syndrome: a challenging case report. Acad Med J. 2026 Jun 18;6(2):180-6. https://doi.org/10.53582/ve2gtt91

Онколошката детска хирургија претставува поле со најкомплексен пристап, како и современ начин на лекување на пациентите во детската онколошка хирургија. Во приказот на случај се става акцент на редок случај на епителијален хепатобластом кај машко дете со Beckwith-Wiedemann синдром. Детално се обработени, етиологијата, клиничката слика, испитувањата, хируршкиот третман, лабораториските анализи, како и постоперативниот понатамошен третман. Дополнителен акцент е ставен во дискусијата и влијание на дијагноза-малигна болест кај пациент со одреден генетски синдром. Анализирани се актуелни студии за импактот на емоционално-психичките влијанија кај родителите на пациентот, засегнати од специфичната ретка и предизвикувачка патологија.

За овој избор кандидатката има поднесено 1 стручна монографија која е публикувана во последниве 5 години:

1. **К. Симеонова „Оригами“ - Умешност на справување со предизвиците на тинејџерството, Три, Скопје 2025**

Човекот се раѓа двапати, првиот пат за да живее, а вториот пат во адолесценцијата - за да постои. Тинејџерскиот период е еден од најбурните во животот - и за тинејџерите и за нивните родители. Оваа книга е отворен

разговор, без маски и филтри, без шминка и глума, за она што често се премолчува, зашто вистината е најдобриот патоказ за тоа разбранувано, но прекрасно време. Со својата психијатриска стручност, д-р Камелија Симеонова ви помага да ги најдете најдобрите решенија за болните случувања во животот на вашите деца и заедно да ги надминете градејќи ја нивната самодоверба и потврдувајќи ги како личности.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Камелија Симеонова е активно вклучена во стручно-апликативната дејност во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ како специјалист детски психијатар, воедно и раководител на Одделот за детска и адолесцентна психијатрија.

Особена важност и внимание посветува на примена на детското и адолесцентното здравје во и вон болнички услови преку разни кампањи и одржани предавања за ментално здравје пред педагози/психолози во основни/средни училишта, работилници за претприемачи, *work-up* работилници за млади и адолесцентни спортисти, како и голем број на одржани едукативни трибини и симпозиуми акцентирајќи ја потребата од ментална нега и хигиена во детска и адолесцентна возраст.

Во 2025 година учествува на 4. Светски самит за педијатрија и ментално здравје кај деца во Дубаи (ОАЕ), каде што ја истакнува суштината на живеењето во функционалното семејство.

Нејзината професионална мисија, низ бројни јавни настапи и ангажмани, има една единствена цел - да им помогне на семејствата да останат поврзани, стабилни и свесни во процесот на растење и промена.

Д-р Симеонова е член на Лекарска комора на РСМ, Лекарско друштво на РСМ, Здружение на психијатрите на Македонија. Основачка и сопственичка е на „Ориками“ – Центар за психолошко советување.

Има објавено 28 научни апстракти, презентирани на домашни и странски конгреси, коавтор на 3 научни труда како автор на 1 научна монографија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Д-р Камелија Симеонова е специјалист по детска и адолесцентна психијатрија и е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на асистент од областа на психијатрија.

Таа професионално работи со психијатриска дејност 3 години, при што нејзината научноистражувачка дејност е главно фокусирана во психотерапијата, бихевиоралната терапија, семејното советување, како и партнерската дијада. Потесно поле на интерес во кое кандидатката постигнала забележителен успех претставуваат дијагностичките методи кои се користат во детската психијатрија и се алатка за брза и прецизна дијагностика на заболувањата во детската и адолесцентната психијатрија.

Сите овие методи таа ги користи и променува во сите научноистражувачки трудови од каде што преку нив ги добива крајните резултати на испитувањето. Проучувајќи ги развојните, невроразвојните, психопатолошките и нарушувањата на личноста во сите сфери на детската и адолесцентната психијатрија повеќе од 8 години, со нејзините публикации во интернационални списанија, д-р Симеонова дала голем придонес во

анализирањето, современите фармаколошки и нефармаколошки третмани, бихевиоралната терапија, психотерапијата, како и семејното советување на различни клинички ентитети опфатени во детската и адолесцентна психијатрија.

Со својот ангажман како специјалист по детска и адолесцентна психијатрија во времетраење од 3 години и со повеќе усни презентации на англиски и македонски јазик д-р Камелија Симеонова несомнено ги поседува потребните вештини на добар предавач и едукатор. Д-р Симеонова е препознатлива по резултатите од нејзините истражувања кои се публикувани, така што таа се јавува како коавтор/автор на 28 научни апстракти презентирани на домашни и странски конгреси, коавтор на 3 научни труда објавени во списание со меѓународен карактер, како и автор на 1 стручна монографија од потесната клиничка област.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип **да ја избере д-р Камелија Симеонова во звање *асистент* во наставно-научната област *психијатрија* на Факултет за медицински науки при УГД - Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Роза Крстеска, претседател, с.р.
Доц. д-р Наташа Станчева-Паргов, член, с.р.
Проф. д-р Стојан Бајрактаров, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО (5.02.00.08) НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-76/6 од 5.6.2026 година донесена на 349. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 5.6.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *туризам и угостителство* (5.02.00.08) на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Koha“ на 23.5.2026 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Дафинка Муцунска.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Дафинка Муцунска е родена на 17 август 1978 година во Скопје. Своите додипломски студии ги завршува на Институтот за историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 30 септември 2010 година, со просечен успех 7,79 и се стекнува со стручен назив дипломиран историчар на уметноста со археологија.

Во 2012 година ги завршува постдипломските студии со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Промотивниот микс во функција на развој алтернативниот туризам во Берово и неговата околина“ на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент при Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, со просечен успех 9 и се стекнува со звање магистер по меѓународен маркетинг менаџмент.

На 25 септември 2023 година успешно ја одбранува докторската дисертација под наслов „Истражување на влијанието на квалитетот врз успешноста на деловните субјекти во угостителството“ на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со просечен успех 9,60 и стекнува со назив доктор на науки од областа на туризмот.

Во своето стручно искуство, д-р Муцунска од 2004 година работи како генерален менаџер на Хотел „Манастир“ во Берово, а од 2010 година е независен водечки експерт за дестинациски развој и рурален туризам во Малешевијата.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех: додипломски студии 7,79, постдипломски студии 9;
- Научен степен: доктор на науки од областа на туризмот;

- Објавени најмалку четири рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор;
- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик. Во однос на посебните услови за избор во звање, кандидатот д-р Дафинка Муцунска има доставено диплома за завршено средно образование во Manteo High School (Северна Каролина, САД) од 14.6.1997 година, придружена со превод од овластен судски преведувач. Меѓутоа, овој документ не претставува доказ за исполнување на условот за познавање на најмалку еден странски јазик, со што не е исполнет член 10 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Mucunska, D., & Rakichevikj, G. | Quality control in the hotel industry (2024) | International Scientific Conference on the Service Sector | 2005 |
| 2. | Mucunska, D., & Gjorgievski, M. | Harnessing Local Wisdom: a Cornerstone for Rural Tourism Development (2023) | UTMS Journal of Economics, 14(2). | 2010 |
| 3. | Mucunska, D., & Gjorgievski, M. | Digital Marketing in Hospitality – Case Study Hotel Manastir (2022) | II International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism: Innovative Trends in International Business and Sustainable Management | 2021 |
| 4. | Mucunska, D., & Nakovski, D. | Digital Marketing in Hospitality – Case Study Hotel Manastir (2022) | UTMS Journal of Economics, 13(1). | 2010 |

**Посебни услови:**

- Постигнувања во примената на истражувачките резултати;
- Две препораки од професори.

Согласно член 10 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип и член 166 ст. 1, точка 1 и точка 4 од Законот за високо образование објавен во Службен весник на РМ, бр. 82 од 8.5.2018 година на Република Северна Македонија, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Дафинка Муцунска не ги исполнува општите услови за избор во насловно звање насловен доцент.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа целокупната документација доставена по распишаниот Конкурс. Притоа, Комисијата констатира дека д-р Дафинка Муцунска е единствен пријавен кандидат за избор во насловно звање насловен доцент за научната област туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

По деталниот преглед на поднесените документи, Комисијата утврди дека кандидатката не ги исполнува бараните законски услови за избор во ова звање, предвидени согласно со член 10 од Правилникот на Универзитетот

„Гоце Делчев" – Штип, како и член 166 ст. 1, точка 1 и точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на РМ, бр. 82 од 8.5.2018 година). Притоа, Рецензентската комисија не предлага избор на наставник во насловно звање насловен доцент на пријавениот кандидат за наставно-научната област туризам и угостителство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Цветанка Ристова-Магловска, вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Тања Ангелкова-Петкова, редовен професор, член, с.р.
Д-р Владимир Китанов, вонреден професор, член, с.р.

**ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА**

Во Универзитетски билтен број 393 од 15.7.2026 год., на стр. 27, во Реферaтот за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната област *анализа и функционална анализа* и *применета математика и математичко моделирање* на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во насловот на Рефератот **се бришат анализа и функционална анализа и применета математика и математичко моделирање и се додаваат анализа и диференцијални равенки и применета математика.**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**
Декан,
проф. м-р Александра Милева

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „СПЕЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА БОЖИНОВСКА-БЕАКА, ПРОФ. Д-Р КИРИЛ ЛОЗАНЧЕ, ПРОФ. Д-Р АНДРЕЈА АРСОВСКИ, ПРОФ. Д-Р ЈОВАН ИВЧЕВ, ПРОФ. Д-Р КОНСТАНТИН МИТЕВ, ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР ЧАДИКОВСКИ, ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР НИКОЛИЌ, ПРОФ. Д-Р БОРО ЏОНОВ, ПРОФ. Д-Р ВЛАТКО ЦВЕТАНОВСКИ, ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР МИТЕВСКИ, ПРОФ. Д-Р ИЛИЈА МИЛЕВ, ПРОФ. Д-Р РИСТО СИМЕОНОВ И ПРОФ. Д-Р СТЕФАН ПЕТРОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-220/82 од 361. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- академик д-р Живко Попов, редовен професор во пензија, избран во наставно-научна област урологија, според меѓународната Фраскатиева класификација,
- проф. д-р Игор Кафтанџиев, редовен професор на Медицински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, избран во наставно-научна област трауматологија, според меѓународната Фраскатиева класификација

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**СПЕЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА**" од **авторите проф. д-р Гордана Божиновска-Беака, проф. д-р Кирил Лозанче, проф. д-р Андреја Арсовски, проф. д-р Јован Ивчев, проф. д-р Константин Митев, проф. д-р Владимир Чадиковски, проф. д-р Александар Николиќ, проф. д-р Боро Џонов, проф. д-р Влатко Цветановски, проф. д-р Александар Митевски, проф. д-р Илија Милев, проф. д-р Ристо Симеонов и проф. д-р Стефан Петровски,** наменет за студентите на прв циклус студии и специјализантите по општа хирургија на студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Специјална хирургија" припаѓа во научната област хирургија според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Понудениот ракопис од проф. д-р Гордана Божиновска-Беака, проф. д-р Кирил Лозанче, проф. д-р Андреја Арсовски, проф. д-р Јован Ивчев, проф. д-р Константин Митев, проф. д-р Владимир Чадиковски, проф. д-р Александар Николиќ, проф. д-р Боро Џонов, проф. д-р Влатко Цветановски, проф. д-р Александар Митевски, проф. д-р Илија Милев, проф. д-р Ристо Симеонов и проф. д-р Стефан Петровски

со наслов „Специјална хирургија" како интерен учебник за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е наменет за предметот Хирургија 2 во десеттиот семестар за студентите на Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со неделен фонд на часови од 4+3, како и за специјализантите по општа хирургија. Приложениот ракопис е во согласност со Предметната програма за Хирургија 2, а авторите на почетокот од учебникот ја нудат токму таа Предметна програма според која и е елаборирана наставната материја во овој труд. Од понудената Предметна програма и од содржината на учебникот очигледно е дека авторите се придржувале до наставната програма предвидена за Хирургија 2.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот на проф. д-р Гордана Божиновска-Беака, проф. д-р Кирил Лозанче, проф. д-р Андреја Арсовски, проф. д-р Јован Ивчев, проф. д-р Константин Митев, проф. д-р Владимир Чадиковски, проф. д-р Александар Николиќ, проф. д-р Боро Џонов, проф. д-р Влатко Цветановски, проф. д-р Александар Митевски, проф. д-р Илија Милев, проф. д-р Ристо Симеонов и проф. д-р Стефан Петровски има вкупно 1096 страници А4 формат и според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран интерен учебник во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во својата содржина учебникот е збогатен со табели и слики кои во прегледна форма на студентите и специјализантите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат сложените структурни наставни единици од областа на специјалната хирургија како научна дисциплина. Станува збор, имено, за учебник што е изработен врз основа на една специфична Предметна програма од областа на специјалната хирургија составена од предметните наставници: проф. д-р Гордана Божиновска-Беака, проф. д-р Кирил Лозанче, проф. д-р Андреја Арсовски, проф. д-р Јован Ивчев, проф. д-р Константин Митев, проф. д-р Владимир Чадиковски, проф. д-р Александар Николиќ, проф. д-р Боро Џонов, проф. д-р Влатко Цветановски, проф. д-р Александар Митевски, проф. д-р Илија Милев, проф. д-р Ристо Симеонов и проф. д-р Стефан Петровски.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој учебник ќе биде голем придонес поради тоа што досега нема издадено комплетен учебник по Специјална хирургија кој би бил наменет за општа медицина во кој се опфатени сите наставни единици предвидени со таа програма. Токму затоа овој интерен учебник по Специјална хирургија од проф. д-р Гордана Божиновска-Беака, проф. д-р Кирил Лозанче, проф. д-р Андреја Арсовски, проф. д-р Јован Ивчев, проф. д-р Константин Митев, проф. д-р Владимир Чадиковски, проф. д-р Александар Николиќ, проф. д-р Боро Џонов, проф. д-р Влатко Цветановски, проф. д-р Александар Митевски, проф. д-р Илија Милев, проф. д-р Ристо Симеонов и проф. д-р Стефан Петровски се јавува како неопходен наставен ракопис што на студентите на Општа медицина и специјализантите по општа хирургија во голема мера ќе им го олесни совладувањето на мошне сложената материја за хируршката анатомија, хируршките болести, нивната клиничка презентација, поставување на дијагноза и индикација за оперативен

третман. Книгата го нагласува мултидисциплинарниот пристап, посебно во онколошките заболувања и политрауматизираните пациенти.

**Краток опис на содржината:** На почетокот е приложена содржината што ќе им ја олесни на студентите и специјализантите ориентацијата во понудениот материјал од учебникот. Потоа следи предговор во кој авторите ги воведуваат студентите и специјализантите во основната содржина на учебникот. Материјата што се презентира во овој интерен учебник е систематизирана во следниве теми:

- Поглавје 1 – **Торакална хирургија**

Во ова поглавје авторот дава преглед на анатомските и физиолошките карактеристики на органите сместени во градниот кош, со посебен осврт на белите дробови, плеврата, дојките и тироидеата. Обработени се најчестите заболувања кои бараат торакален хируршки третман, вклучувајќи белодробни тумори, плеврални заболувања, трауми на градниот кош, карциноми на дојка, заболувања на тироидната жлезда и медијастинални патологии. Авторот јасно ги дефинира етиолошките карактеристики, клиничката презентација, дијагностичките методи, како и современите оперативни и минимално инвазивните техники во торакалната хирургија кои се применуваат во третирање на овие патологии.

- Поглавје 2 – **Кардиохирургија**

Во ова поглавје авторот дава преглед на анатомијата и физиологијата на срцето заедно со големите крвни садови. Обработени се најчестите кардиохируршки заболувања, како што се коронарната артериска болест, валвуларните заболувања, вродените срцеви мани и аортните патологии. Авторот ја опишува нивната етиологија, клиничка презентација и дијагностички методи, како и индикациите за хируршки третман. Посебен осврт е даден на современите оперативни техники кои се применуваат во кардиохирургијата. Поглавјето овозможува основно разбирање на хируршкото лекување на кардиоваскуларните заболувања.

- Поглавје 3 – **Абдомен**

Во ова поглавје авторот дава систематски приказ на основните принципи на абдоминалната хирургија. Дава опис на анатомските структури во абдоминалната празнина и органите во истата, со посебен осврт на нивната топографија, васкуларизација и меѓусебни анатомски односи. Понатаму, авторот ја обработува физиологијата на дигестивниот систем, нагласувајќи ја улогата на поединечните органи во основните физиолошки функции како што се процесите на варење, апсорпција и метаболизам. Во продолжение се опишани најчестите хируршки заболувања на абдоменот, како што се акутниот апендицитис, заболувањата на жолчното ќесе, интестиналната опструкција, херниите и малигните заболувања на гастроинтестиналниот тракт. Авторот јасно ги дефинира етиологијата, клиничката слика и дијагностичкиот пристап заедно методите на лекување на истите. Поглавјето дава јасен и концизен преглед на абдоминалната хирургија и обезбедува солидна теоретска основа за разбирање на најчестите хируршки состојби и нивниот третман.

- Поглавје 4 – **Урологија**

Во ова поглавје авторот дава преглед на основните анатомски и физиолошки карактеристики на уринарниот систем. Опишани се бубрезите, уретерите, мочниот меур и уретрата, како и нивната улога во создавањето и елиминацијата на урината. Авторот ги обработува најчестите уролошки заболувања, вклучувајќи уринарни инфекции, уролитијаза, опструктивни заболувања и тумори на уринарниот систем, нивната клиничка презентација, дијагностички методи и индикации за оперативен третман. Авторот ги презентира современите дијагностички и терапевтски пристапи, со посебен осврт на минимално инвазивните хируршки техники кои се користат во урологијата. Поглавјето дава јасен опис на најчестите патологии во урологијата и нивниот хируршки третман.

- Поглавје 5 – **Трауматологија**

Во ова поглавје авторот дава јасна дефиниција за термините и ги прикажува основните принципи на трауматологијата, со акцент на механизмите на повредување, проценката на повредениот пациент и ургентниот третман. Опишани се најчестите повреди на коските, зглобовите, меките ткива и внатрешните органи, класификација на тие повреди, механизмот на настанување и сите процеси кои се активираат при настанување на истите. Опишана е предоперативната подготовка на пациентите, можните ризици, како и постоперативни компликации и нивно менаџирање. Посебно акцент е ставен на примарниот преглед, стабилизацијата на пациентот и современите методи на хируршко и конзервативно лекување. Поглавјето обезбедува јасен приказ на основните принципи во третманот на трауматизираните пациенти.

- Поглавје 6 - **Васкуларна хирургија**

Во ова поглавје авторот ги прикажува основните анатомски и физиолошки карактеристики на артерискиот, венскиот и лимфниот систем во човековото тело. Посебно внимание е посветено на најчестите васкуларни заболувања, како што се периферната артериска болест, аневризмите, каротидната болест, венската инсуфициенција и тромбозите. Авторот ги објаснува современите дијагностички пристапи и хируршките методи на лекување, нагласувајќи ја нивната улога во превенцијата и третманот на васкуларните компликации.

- Поглавје 7 - **Детска хирургија**

Во ова поглавје авторот ги прикажува специфичностите на најчестите хируршки заболувања кај новороденчињата, доенчињата и децата. Опишани се развојните анатомски и физиолошки карактеристики кои се значајни за хируршкиот третман во детската возраст. Обработени се најчестите вродени аномалии, акутни хируршки состојби и трауматски повреди кај децата, нивната етиологија, клиничка презентација и индикации за оперативен третман. Авторот ги презентира современите принципи на дијагностика и лекување, со акцент на безбедноста и специфичните потреби на педијатриските пациенти.

- Поглавје 8 – **Детска кардиохирургија**

Во ова поглавје авторот дава преглед на вродените и стекнатите срцеви заболувања кај новороденчињата и децата за кои е потребен хируршки

третман. Опишани се анатомските и физиолошките особености на детското срце и кардиоваскуларниот систем, како и најчестите вродени срцеви мани. Авторот ги обработува современите дијагностички методи и хируршките техники што се применуваат во детската кардиохирургија, со акцент на подобрувањето на преживувањето и квалитетот на живот кај овие пациенти. Темата дава јасен опис на најчестите патологии во детската кардиохирургија и нивниот хируршки третман.

- Поглавје 9 – **Неврохирургија**

Во ова поглавје авторот ги опишува основните анатомски и физиолошки карактеристики на централниот и периферниот нервен систем. Претставени се најчестите неврохируршки заболувања, вклучувајќи мозочни тумори, краниоцеребрални повреди, васкуларни малформации и дегенеративни заболувања на ‘рбетниот столб, нивната етиологија, клиничка манифестација и дијагностичкиот пристап, со посебно внимание е посветено на современите хируршки техники кои се користат во третманот на овие состојби.

- Поглавје 10 – **Пластична хирургија и реконструктивна хирургија**

Во ова поглавје авторот дава преглед на принципите на пластичната и реконструктивната хирургија. Опишани се анатомските и функционалните аспекти на кожата и меките ткива, како и нивната улога во реконструкцијата по трауми, изгореници, тумори и вродени аномалии. Поглавјето ги обработува основните реконструктивни техники, трансплантацијата на ткива и естетските хируршки процедури, нагласувајќи ја нивната примена во подобрување на функцијата и изгледот на пациентите, давајќи добра основа за разбирање на основните хируршки методи и интервенции во пластичната и реконструктивна хирургија.

## ЗАКЛУЧОК

При презентирањето на материјата од областа на специјалната хирургија авторите на овој труд применуваат современи начела и принципи. Наставните единици се елаборирани системски, децидно и прегледно, што е основен предуслов студентите и специјализантите да можат лесно да ја следат и да ја разберат суштината на предочената содржина од специјалната хирургија. Учебникот претставува значајно дело кое со својата структура и намена е новина со оглед на тоа дека на нашиве простори нема комплетен учебник по Специјална хирургија кој би бил наменет за студентите на Општа медицина и специјализантите по општа хирургија. Секако, таа е еднакво корисна и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

Од сето што е погоре предочено може да се заклучи дека трудот со наслов „Специјална хирургија“ (учебник) од проф. д-р Гордана Божиновска-Беака, проф. д-р Кирил Лозанче, проф. д-р Андреја Арсовски, проф. д-р Јован Ивчев, проф. д-р Константин Митев, проф. д-р Владимир Чадиковски, проф. д-р Александар Николиќ, проф. д-р Боро Џонов, проф. д-р Влатко Цветановски, проф. д-р Александар Митевски, проф. д-р Илија Милев, проф. д-р Ристо Симеонов и проф. д-р Стефан Петровски ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран интерен учебник. Поради

тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронски интерен учебник на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Живко Попов, с.р.
Проф. д-р Игор Кафтанџиев, с.р.

# ПРЕГЛЕД
# НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА

| Билтен 17.8.2026 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ | 1. Семантичкото значење и прагматичките функции на модалните глаголи во германскиот јазик: Анализа за примери од сказните на браќата Грим | 1902-210/16 од 7.10.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ивановска | Александра Минкова |
| | 2. Анализа за предлозите за место во германскиот јазик врз примери од учебниците „Schritte International A1/2, A2/1 и A2/2“ | 1902-210/16 од 7.10.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ивановска | Катерина Харбова |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 3. Поврзаност помеѓу средниот артериски притисок (MAP) и церебралната оксиметрија (INVOS) кај пациенти подложени на Frozen Elephant Trunk процедура | 2002-192/91 од 17.6.2026 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Снежана Самарџиоска |
| | 4. Спектрофотометриска евалуација на влијанието на пигментирачките агенси врз колорната стабилност на акрилатните заби и ефикасноста на полирачките методи во отстранувањето на дисколорациите: in vitro студија | 2002-192/90 од 17.6.2026 год. | Доц. д-р Јулија Заркова-Атанасова | Ивана Стоименова |
| | 5. Компетенција на патронажната сестра при ран скрининг, третман и едукација на пациенти со незаразни заболувања во Општина Делчево | 2002-192/89 од 17.6.2026 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Љупка Ѓорѓиевска |
| | 6. Улогата на патронажната сестра во негата и третманот на родилката и новороденото во доцен неонатален период односно првите односно првите три недели од раѓањето | 2002-192/88 од 17.6.2026 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Камелија Чаушка |
| | 7. Цервикогени главоболки: клинички карактеристики и влијание врз функционалниот статус кај пациентите | 2002-192/87 од 17.6.2026 год. | Проф. д-р Тоше Крстев | Иван Крстевски |
| | 8. Потенцијално токсични супстанции во материјали што се користат во дентална медицина | 2002-192/86 од 17.6.2026 год. | Проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова | Ангела Илиева |
| | 9. Примена на текар терапија во процесот на рехабилитација на рамо | 2002-192/85 од 17.6.2026 год. | Проф. д-р Данче Василева | Снежана Митева |
| | 10. Медицински третман на пациенти со изгореници во домашни услови | 2002-192/84 од 17.6.2026 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Јасмина Живановска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 11. Следење на ефикасноста и безбедноста на хербалната комбинација Нураид II, кај пациенти со невролошки нарушувања | 2002-192/83 од 17.6.2026 год. | Вон. проф. д-р Викторија Максимова | Елена Јованова |
| | 12. Инфекции на местото на хируршка инцизија (SSI): нега и превенција преку стерилно работење на техничарот за инструменти во операциона сала | 2002-192/82 од 17.6.2026 год. | Вон. проф. д-р Гордана Божиновска Беака | Даниела Костовска |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | 13. Психолошките димензии на бренд комуникацијата: улогата на бренд архетиповите во создавањето на емоционална приврзаност, доверба и лојалност кај потрошувачите | 2102-103/6 од 14.7.2026 год. | Проф. д-р Александра Жежова | Александар Трајчевски |